# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2021 -2025 ГОДИНА

**Автор: СЕГ Холдинг**

Содржина


I. Вовед ... 4

II. Методологија на стратешкото планирање ... 5

III. Ревизија на Стратегијата за локален економски развој 2015 – 2020 година со анализа на степенот на реализација на проектите ... 7

IV. Преглед на состојбите и опкружувањето во општината ... 8

Локација и демографија ... 8

Деловни субјекти и индустриски зони ... 10

Патна инфраструктура и извршени градежни работи ... 12

Земјоделство ... 13

Образование ... 15

V. СВОТ анализа ... 17

VI. Стратешки цели на Стратегијата за локален економски развој на Демир Капија ... 24

Визија на Општината ... 24

Мисија на Општината ... 24

Стратегиски приоритети и стратегиски цели ... 24

VII. Следење на реализацијата на Стратегијата за локален економски развој ... 25

VIII. Акциски план ... 26

Стратешка цел 1. Подобрено бизнис опкружување, земјоделие и туризмот. ... 26

Стратешка цел 2. Развој на човековите ресурси на локалната самоуправа, во партнерство со приватниот и граѓанскиот сектор, за испорака на ефикасни и ефективни услуги за населението и правните лица во општината ... 30

Стратешка цел 3. Подобрена физичка и комерцијална инфраструктура, искористување на потенцијалите за зелена индустрија и квалитетот на живеењето на локалното население. ... 32

Стратешка цел 4. Промоција на општината Демир Капија како атрактивно место за инвестиции ... 37

АНЕКС 1 ... 38

Извештај за имплементација на Стратегијата за локален економски развој 2015 – 2020 година ... 38

Графикон 1. Реализација на предлог Проектите од Стратегијата за локален економски развој 2015-2020 година.

Графикон 2. Население по возрасни групи споредбено 2010 со 2020 година.

Графикон 3. Живородени деца од 2010 до 2020 година.

Слика 1. Демографска карта на Општина Демир Капија со селските атари.

Табела 1.  Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември.

Табела 2. Активни деловни субјекти сектори на дејност НКД Рев2, состојба 31 декември.

Табела 3. Индустриски зони во Демир Капија.

Табела 4. Локална патна мрежа.

Табела 5. Извршени градежни работи во илјади денари.

Табела 6. Извршени градежни работи во илјади денари.

Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење, по години, според НТЕС 2013.

Табела 8. Засеана површина во хектар на посеви, по години, според НТЕС 2013

Табела 9. Вкупен број на стебла, по години.

Табела 10. Површини и производство на лозја

# I. Вовед

Процесот на планирање на локалниот економски развој ги следеше постулатите на сеопфатно стратегиско планирање за развојот на Општината. Фокусот на ова стратешко планирање беше локалниот економски развој (ЛЕР) и во тој контекст се анализираа сите значајни контекстуални фактори, внатрешни капацитети и предуслови со цел реалистично планирање за развој во следните 5 години. Како појдовна основа во процесот на планирање беа искористени веќе постоечки стратегии на Општината и тоа: Стратегијата за локален економски развој 2015-2020 година, Стратегијата за развој на туризмот во Општина Демир капија 2020-2024 и Социјалниот план 2021-2024 година. При тоа се анализираше степенот на имплементацијата на овие документи, како и релевантноста на мерките и планираните исходи во контекст на стратешко планирање 2021-2025 година. Понатаму во процесот на визионирање, но и при дефинирање на клучните мерки за развој беа земени во предвид Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2025 година, Националната стратегија за земјоделство и рурален развој, Националната стратегија за вработување 2016-2020, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, Планот за економски раст на Владата, Стратегија за иновации на Република Македонија, Стратегија за искористување на обновливи извори на енергија во Република Македонија до 2020 година и Регионална програма за инклузивен туризам 2021-2024 на Вардарски плански регион.

Во рамките на аналитичката фаза со помош на алатки за анализа на засегнатите страни се мапира сите засегнати страни согласно со нивната улога во локално економскиот развој. Информациите искористени во аналитичката фаза во подготовката на Стратегијата понатаму се искористија во фазата на планирање  за ревидирање на визијата и мисијата на општината, за поставување на стратешки приоритети и цели, како и за дефинирање на мерки и активности за реализација. Процесот на стратешко планирање се одвиваше во блиска соработка помеѓу надворешен тим и вработените во одделението за Локален економски развој во Општината. При подготовката на Стратегијата се имаше во предвид мислењето на членовите на Работната група која имаше силна партиципативна улога.

За реализација на Стратегијата за локален економски развој на Демир Капија 2021 -2025 година се подготви и Акциски план. Процесот на планирање и понатаму треба да продолжи како редовна активност на општината под координација на Одделението за локален економски развој во рамките на локалната самоуправа и истиот да се усогласи со севкупното годишно планирање на општината и распределбата на буџетот за потребите на ЛЕР. Годишното планирање треба исто така да се заснова на претходни анализи направени во рамките на годишните извештаи за остварената на Акциските планови и да се прилагоди на евентуални нови потреби и промени во контекстот во кој не постоеле во времето кога е правена стратешката рамка за ЛЕР.

# II. Методологија на стратешкото планирање

Процесот на стратешкото планирање на локалниот развој има шест фази. Фазите во пракса се флексибилни процеси, кога една фаза се преклопува со друга во зависност од локалните потреби. Оваа Стратегијата и Акцискиот план се ,,живи‘‘ документи, кој треба да се менува како што диктираат околностите. Подготовката на стратегијата се реализира преку интегриран пристап кон стратешко планирање на локалниот економски развој. Во осмислувањето на стратегија, членовите на работните групи го балансира локалниот економски развој со еколошки и социјални потреби.

Фази во подготовка на стратегијата:

- Дефинирање на групи од интерес (чинители) кои учествуваа во процесот на подготовка на Стратегијата како што членови од бизнис заедницата, граѓански организации, државни институции, локална самоуправа и др. За имплементација на оваа активност се дефинираа седум работни групи од различни области и тоа: урбанизам и просторно планирање, инфраструктура, економија, земјоделство и рурален развој, развој на туризам, и евроинтеграции и искористување на ЕУ фондовите.

- Подготовка на концептот и методологијата за подготовка на Стратегијата. Методологијата ги дефинираше фазите и постапките во процесот за изработка на Стратегијата. Исто така, ја предвидува динамиката на активностите преку кои се обезбедува остварувањето на стратешките приоритети.

- Подготовка на ревизија на досегашната стратегија со анализа на степенот на реализација на стратегијата врз основа на утврдени и договорени индикатори за следење и евалуација на локалната економија. Прегледот ги вклучи, каде што е можно, влезови, резултати, исходи и влијанија, како и процес на имплементација и нивото и степенот на учество на засегнатите страни. При подготовка на ревизијата се одржаа повеќе online состаноци работните групи и интервјуа по области.

- Подготовка на краток преглед на состојбите и опкружувањето во општината. Проценката на локалната економија започнува со прелиминарен преглед на постојните економски активности во рамките на една област и ги искористува достапните квантитативни и квалитативни информации што ги истакнуваат постојните структури и трендови во развојот на бизнисот, производство, вработување, вештини и други податоци што помогнаа да се идентификува стратешката насока на локалната економија. Собраните информации ја потенцираат потребата за специфични проекти и програми што ќе се прошират и ќе ја диверзифицираат локалната економија.

- Со цел да се идентификуваат клучните информации за локалната економија се подготви СВОТ анализа за стратешките области. За собирање детални информации за локалната економија се

користеа разгледаат различни методи и пристапи за разбирање на локалното економија, како што се (online) состаноци со чинителите на деловни активности и групи во заедницата, интервјуа и едноставни анкети.

- Изработка  на Стратегијата која ги содржи следниве компоненти: визија, мисија, цели, програми, проекти и акциски план. Акцискиот план ги содржи селектираните предлог проектите од заинтересираните страни.

# III. Ревизија на Стратегијата за локален економски развој 2015 – 2020 година со анализа на степенот на реализација на проектите

Во 2015 година Општина Демир Капија ја донесе Стратегијата за локален економски развој 2015 – 2020 година. Истата преставува темелна алатка за планирање на развојот на Општина Демир Капија, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој. Во насока на нејзина операционализација предвидени се предлог проекти. Од Предлог проектите 37% се целосно реализирани, 24% се делумно реализирани и 39% се нереализирани. 79% од предвидените проекти се планира да продолжат и во имплементацијата на оваа Стратегија. Во Анекс 1 може да се види Извештај за имплементација на Стратегијата за локален економски развој 2015 – 2020 година.

Графикон 1. Реализација на предлог Проектите од Стратегијата за локален економски развој 2015-2020 година




*Извор: Пресметки на авторот врз основа на Извештајот за имплементацијата*

IV. Преглед на состојбите и опкружувањето во општината

## Локација и демографија

Општина Демир Капија има околу 3.911 жители во 15 населени места од кои над 88% се Македонци. Во однос на половата застапеност 52% се мажи, а 48% се жени. Населението во последната деценија бележи благ пад и од 2010 година населението се има намалено за 224 жители. Општина Демир Капија зафаќа површина од 309 км2 и се наоѓа во југоисточниот дел на Тиквешката котлина. Низ неа поминуваат најважните сообраќајници во државата: Железничката линија Белград - Скопје - Солун - Атина и меѓународниот пат Е-75. Општината се наоѓа на десната страна на реката Вардар во падините на североисточната страна на Кожув планина и западната страна на Серта планина. Низ општината поминуваат покрај реката Вардар (24 км) поминуваат и реките Дошница (18 км), Бошавица (15 км) и Челевечката река која е заштитена на државно ниво.

Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевац и Чифлик. Општина Демир Капија се граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.

Слика 1. Демографска карта на Општина Демир Капија со селските атари




Во структурата на населението во периодот од 2010 година до 2020 година се забележува мал тренд на стареење и се зголемува бројот на жители кои се на возраст од 55+ години додека се

намалува бројот на жители на возраст под 55 години. Лицата на возраст над 55 години во 2010 година учествувале со 28% во вкупното население, а во 2020 година учествуваат со 33%.

Графикон 2. Население по возрасни групи споредбено 2010 со 2020 година.




*Извор: Државен завод за статистика*

Исто така, во периодот од 2010 година до 2020 година се намалува бројот на живородени деца во општината. Во 2010 година имало 43, во 2016 година се достигнало највисокото ниво од 46 деца, додека во 2020 година 33 што преставува намалување за 23% во однос на 2010 година.

Графикон 3. Живородени деца од 2010 до 2020 година.




*Извор: Државен завод за статистика*

Имајќи ги во предвид моменталните трендови на миграции, стареење на населението и намалувањето на живородените деца во Општината постојат ризици на среден и долг рок за намалување на бројот на население.

## Деловни субјекти и индустриски зони

Во општината во 2020 година има 91 претпријатија од кои 61 микро претпријатија, 26 мали и 1 големо претпријатие. Во однос на 2010 година има намалување на вкупниот број на активни претпријатија кое пред сé се должи на намалувањето на бројот на мали претпријатија. Исто така, битно е да се напомене дека во 2020 година има и големо јавно претпријатие кое има повеќе од 250 вработени. Од структурата на претпријатијата може да се види дека 99% се микро и мали претпријатија.

Табела 1: Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември.[1]

| година/големина | микро | мали | средни | големи | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 56 | 63 | 0 | 0 | 119 |
| **2020** | 61 | 29 | 0 | 1 | 91 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Гледано по однос на сектори на дејност НКД Рев2 може да се забележи дека намалувањето на претпријатијата е поради намалувањето на активните претпријатија во секторот, Земјоделство, шумарство и рибарство; Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, додека зголемување може да се забележи само во Градежништвото и во Стручни, научни и технички дејности.

[1] Треба да се има во предвид дека согласно со методологијата за бројот на активни деловни субјекти се зема местото каде што е регистрирано седиштето на деловниот субјект

Табела 2: Активни деловни субјекти сектори на дејност НКД Рев2, состојба 31 декември

| Сектор/Година | 2010 | 2020 |
|---|---|---|
| Вкупно | **119** | **91** |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 | 9 |
| В Преработувачка индустрија | 11 | 6 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0 | 1 |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 1 | 1 |
| Ѓ Градежништво | 3 | 5 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 45 | 32 |
| Ж Транспорт и складирање | 13 | 13 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 12 | 6 |
| Ѕ Информации и комуникации | 1 | 1 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 0 | 3 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 3 | 0 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 | 1 |
| М Образование | 1 | 1 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 9 | 5 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 2 | 1 |
| О Други услужни дејности | 6 | 6 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во Општина Демир Капија се развиени повеќе индустриски зони во кои функционираат претпријатија за: производство, монтажа и сервис на резервни енергетски системи, дизел мотори, телекомуникациски шалтери и останато, винарија, сепарација и сончеви фотоволтаични централи и др.

Табела 3: Индустриски зони во Демир Капија

| Индустриска зона | број на слободни | | Површина на земјиште м2 | Површина на градба во основа м2 | Намена |
|---|---|---|---|---|---|
| | јавни | приватни | | | |
| ДУП УБ 5 Демир Капија | 0 | 31 | 30,651 | 12,308 | Г2, Г3 и Г4 |
| ЛУПД за Г2 на КП 160 и др. во с.Челевец | 1 | 0 | 8,723 | 3,900 | Г2, Г3 и Г4 |
| ЛУПД за Г2 на КП 15 во с.Челевец | 1 | 0 | 28,284 | 13,844 | Г2, Г3 и Г4 |
| ЛУПД за Г2 на КП 4451/2 и др. во Демир Капија | 1 | 0 | 39,392 | 34,070 | Г2, Г3 и Г4 |
| ЛУПД за Г2 на КП 4494 и 4495 во Демир Капија | 1 | 0 | 44,980 | 39,609 | Г2, Г3 и Г4 |
| УПВНМ Попова Кула, Д.Капија | 4 | 0 | 161,916 | 62,415 | Г2, Г3 и Г4 |
| ДУП Земјоделско стопанство, Д.Капија | 4 | 0 | 126,621 | 62,415 | Г2, Г3 и Г4 |
| ДУП Попова Кула -измена , Д.Капија | 16 | 0 | 101,404 | 58,414 | Г2, Г3 и Г4 |
| ДУП за производство, сервиси и др.. Попова Кула, Д.Капија | 12 | 0 | 21,886 | 13,131 | Г2, Г3,Г4... |
| ДУП за производство, сервиси и др.. Попова Кула, - измена Д.Капија | 0 | 3 | 3,270 | 1,981 | Г2, Г3,Г4... |
| УП за село Дрен (локалитет Дошница) | 4 | 6 | 30,986 | 17,947 | Г2, Г3 и Г4 |
| ВКУПНО | 44 | 9 | 567,462 | 307,726 | |

*Извор: Административни податоци на Општината*

Во овие индустриски зони има  53 парцели од кои 44 се јавни, а 9 се приватни парцели. Парцелите опфаќаат 567 хектари на кои површината за градба е 308 илјади м2.

## Патна инфраструктура и извршени градежни работи

Локалната патна мрежа во изминативе години бележи напредок и во 2019 година има 55 километри патишта и може да се забележи зголемување од 15 километри од кои 9 километри асфалт и коцка и 6 км земјени патишта.

Табела 4. Локална патна мрежа

| | Вкупно | Асфалт и коцка | Земјани |
|---|---|---|---|
| **2010** | 40 | 12 | 28 |
| **2019** | 55 | 21 | 34 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во 2020 година може да се забележи дека вредноста на градежните работи е зголемена во однос на 2010 година и изнесува 19.658.000 денари.

Табела 5. Извршени градежни работи во илјади денари

| Година | Вкупно | станбени згради | реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите | градежни работи |
|---|---|---|---|---|
| **2010** | 16325 | 4500 | 4425 | 7400 |
| **2020** | 19658 | 6589 | 3569 | 9500 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во однос на завршените станови може да се забележи дека во 2013 и 2015 година е достигнат максимумот со 14 и 21 завршени или легализирани станови со 1.617 м2 и 1.479 м2 корисна површина. Инаку просечно во периодот од 2010 до 2020 година се изградени или легализирани просечно по 7 станови со над 600 м2 просечна корисна површина.

Табела 6. Извршени градежни работи во илјади денари

| | Број на станови | Корисна површина во м2 |
|---|---|---|
| **2010** | 3 | 231 |
| **2011** | 5 | 669 |
| **2012** | 6 | 687 |
| **2013** | 14 | 1617 |
| **2014** | 9 | 896 |
| **2015** | 21 | 1479 |
| **2016** | 11 | 802 |
| **2017** | 3 | 207 |
| **2018** | 0 | 0 |
| **2019** | 0 | 0 |
| **2020** | 4 | 304 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## Земјоделство

Земјоделството преставува една од релевантните гранки во општината. Во општината во 2020 година има 2.900 хектари земјоделска површина од која 2.403 хектари е обработлива површина т.е. 83%, додека останатите 497 хектари се пасишта. Најголем дел од обработливата површина се ораници и бавчи кои зафаќаат 1.725 хектари т.е. 59% од обработливата површина. Вкупната обработлива површина во 2020 година во однос 2014 година е зголемена за 75 хектари, од кои ораниците и бавчи за 86 хектари, додека овоштарниците се намалени за 12 хектари. Во однос на

лозјата нема поголем промена и истите во 2020 година се 622 хектари т.е. 26% од вкупната обработлива површина.

Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење, по години, според НТЕС 2013.

| | Земјоделска површина | Обработлива површина | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 2825 | 2328 | 1639 | 49 | 621 | 19 | 497 |
| **2015** | 2723 | 2226 | 1532 | 50 | 625 | 19 | 497 |
| **2016** | 2720 | 2223 | 1460 | 50 | 694 | 19 | 497 |
| **2017** | 2793 | 2296 | 1683 | 37 | 557 | 19 | 497 |
| **2018** | 2814 | 2317 | 1657 | 37 | 604 | 19 | 497 |
| **2019** | 2909 | 2412 | 1734 | 37 | 622 | 19 | 497 |
| **2020** | 2900 | 2403 | 1725 | 37 | 622 | 19 | 497 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Најголем дел од засеаните површина од 142 хектари во 2020 година е со пченица и јачмен со вкупно 279 хектари или 47% од вкупната површини на посеви. Од другите култури со поголема застапеност се луцерка со 53 хектари, пиперките со 46 хектари, пченката 45 хектари, доматите со 41 хектар, бостанот со 37 хектари и тутунот со 36 хектари.

Табела 8. Засеана површина во хектар на посеви, по години, според НТЕС 2013

| | Пченица | Јачмен | Пченка | Тутун | Компири | Грав | Домати | Пиперки | Бостан | Луцерка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 338 | 293 | 45 | 54 | 20 | 15 | 55 | 71 | 43 | 51 |
| **2015** | 335 | 266 | 32 | 45 | 15 | 11 | 47 | 57 | 45 | 48 |
| **2016** | 344 | 191 | 35 | 39 | 12 | 7 | 43 | 49 | 41 | 51 |
| **2017** | 441 | 74 | 24 | 21 | 11 | 7 | 23 | 23 | 9 | 28 |
| **2018** | 188 | 438 | 37 | 31 | 13 | 10 | 21 | 37 | 36 | 27 |
| **2019** | 222 | 435 | 42 | 35 | 15 | 12 | 19 | 32 | 25 | 27 |
| **2020** | 142 | 137 | 45 | 36 | 15 | 13 | 41 | 46 | 37 | 53 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на овошни стебла и овошје во 2020 година има благ раст во однос на минатите години и во 2020 година има 16.223 овошни стебла. Најголем број на стебла е кај сливата со 7.300 стебла. Покрај сливата во општината застапени се кајсии, вишни, ореви, и др. Имајќи ја предвид територијата на Општина Демир Капија постојат можности за јакнење на активностите за производство на органско овошје и сл.

Табела 9. Вкупен број на стебла, по години

| | Цреши | Вишни | Кајсии | Дуњи | Јаболка | Круши | Сливи | Праски | Ореви | Бадеми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 550 | 1780 | 1390 | 480 | 730 | 450 | 6000 | 475 | 2160 | 420 |
| **2015** | 600 | 1850 | 1390 | 480 | 810 | 490 | 7520 | 1550 | 2150 | 420 |
| **2016** | 650 | 1850 | 1480 | 480 | 800 | 490 | 7590 | 1550 | 2076 | 420 |
| **2017** | 560 | 1250 | 1040 | 360 | 230 | 170 | 6830 | 510 | 890 | 260 |
| **2018** | 560 | 1550 | 1500 | 260 | 230 | 470 | 6835 | 610 | 890 | 260 |
| **2019** | 560 | 1550 | 1500 | 260 | 230 | 470 | 6835 | 610 | 890 | 260 |
| **2020** | 560 | 1550 | 2000 | 520 | 1000 | 650 | 7300 | 1000 | 1400 | 350 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во 2020 година имало 564 хектари родна површина и е произведено 5.369 тони грозје. Во општината постојат одлични услови за развој на лозарството што придонесува за рано созревање на грозјето (сорта мускат и раните сорти кралица и кардинал). Покрај овие, во Демиркапискиот регион е познат и по сортите грозје: жилавка, смедеревка, бела, теран, кратошија, вранец, гаме, алиготе, ризлинг и други. Демир Капија е позната по производство на квалитетните сорти вино: жилавка, прокупец, демиркаписко бело и смедеревка.

Табела 10. Површини и производство на лозја

| | **Родна површина хектари** | **Вкупно производство во тони** |
|---|---|---|
| **2014** | 621 | 5899 |
| **2015** | 623 | 7986 |
| **2016** | 622 | 7961 |
| **2017** | 557 | 3631 |
| **2018** | 544 | 7830 |
| **2019** | 554 | 6396 |
| **2020** | 564 | 5369 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## Образование

Децата од предучилишна возраст се згрижени во детската градинка Борис Трајковски. Во 2017 година имало 84 деца и 18 вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки / центри за ран детски развој.

Образовниот процес во Општина Демир Капија се спроведува преку: едно централно основно училиште ОУ „Д. А. Габерот“ во учебната 2020/2021 година има 39 наставници и 323 ученика. Во општината нема установа за средно и високо образование. Исто така, во општината нема верификувана програма и провајдер за образование на возрасни. Учениците го продолжуваат средното образование во поблиските градови, а високото образование во некој од универзитетските центри или на дисперзираните студии во блиските градови. Бројот на ученици незначително се намалува и од приближно 353 ученици во учебната 2010/2011 година е намален на 323 лица што преставува намалување од 8%. Бројот на наставниците во основните училишта се зголемува и од 32 наставници во учебната 2010/2011 година е зголемен на 39 наставници во учебната 2020/2021 година. Со намалување на бројот на ученици и зголемување на бројот на наставници подобрен е соодносот од 11 ученика на еден наставник на 8 ученика на еден наставник, што стреми кон долгорочно подобрување на квалитетот на образованието и подобрување на понудата на работна сила.

Табела 10. Ученици и наставници во основно образование во општината

| | Ученици | Наставници | Ученици на еден наставник |
|---|---|---|---|
| **2010/2011** | 353 | 32 | 11 |
| **2011/2012** | 354 | 35 | 10 |
| **2012/2013** | 339 | 38 | 9 |
| **2013/2014** | 332 | 39 | 9 |
| **2014/2015** | 319 | 39 | 8 |
| **2015/2016** | 323 | 36 | 9 |
| **2016/2017** | 329 | 36 | 9 |
| **2017/2018** | 327 | 37 | 9 |
| **2018/2019** | 325 | 39 | 8 |
| **2019/2020** | 325 | 38 | 9 |
| **2020/2021** | 323 | 39 | 8 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Ситуационата анализа покажува дека и покрај направениот напредок во дел од областите за развој на општината се́ уште постојат големи можности и предизвици во повеќе области како што се: инфраструктурата, претприемништвото и развојот на малите претпријатија, бизнис опкружувањето и креирањето на работни места, развојот на земјоделието, угостителството и туризмот.

# V. СВОТ анализа

СВОТ анализа се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во локалниот економски развој. Анализата ја вклучува одредување на целта на развојот и ги идентификува внатрешните или надворешни фактори, поволни или неповолни, за да се постигне целта. СВОТ анализата го вклучува урбанизам и просторно планирање, инфраструктура, економија, земјоделство и рурален развој, развој на туризам, евроинтеграции и искористување на ЕУ фондовите, човечки ресурси, и заштита на животна средина.

| | **СИЛНИ СТРАНИ (ПРЕДНОСТИ)** | **СЛАБИ СТРАНИ (НЕДОСТАТОЦИ)** |
|---|---|---|
| **УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** | • Постоење на готови урбанистички планови и планови во изведба за населените места<br>• Постоење на локална урбанистичка планска документација<br>• Постоење на 7 плацови за фотоволтаици (Индустриска зона Попова Кула)<br>• Населените места се компактни и во близина на општинскиот центар<br>• Подготовка на урбанистичка документација за нови индустриски зони | • Недоволен број на спортски и детски игралишта<br>• Не постои автобуска станица и автобуски стојалишта за редовни линии<br>• Нема организиран превоз меѓу населените места<br>• Не постои банка во Демир Капија<br>• Немање на ТИРЗ зона |
| **ИНФРАСТРУКТУРА – ТРАНСПОРТНА, КОМУНАЛНА И ЕНЕРГЕТСКА** | • Одлична патна поврзаност преку Коридор 10<br>• Релативно добра патна мрежа<br>• Постоење на железница со станица за превоз на патници и стока<br>• Сообраќајната и транспортната инфраструктура е солидна<br>• Постоење на патна сигнализација<br>• Тек на гасовод<br>• Енергетската мрежа има добра поврзаност<br>• Скопскиот аеродром е во релативна близина<br>• Атмосферските води се зафаќаат на поголема површина<br>• Канализационите мрежи во урбаните региони се нови или реконструирани<br>• Главниот цевковод во градот е заменет<br>• Изградба на системи за одведување на фекална вода во некои села<br>• Реконструкција на патиштата во Демир | • Слаба канализациона мрежа во руралните средини (околу 70%)<br>• Капацитетот на селските водоводи за приклучување на индустриски капацитети е ограничен<br>• Потребна е реконструкција на локалните асфалтни патишта<br>• Потребна е дел од реконструкција на регионален пат (Демир Капија-Бесвица, Барово-Крњево)<br>• Комуникациите не се одржуваат на високо ниво<br>• Локалните патишта кои водат до содржини за алтернативен туризам не се доволно искористени<br>• Дел од улиците немаат доволен капацитет да ги акумулираат атмосферските води<br>• Во село Клисура не е доизграден водоводот и нема фекална канализација |

| | | |
|---|---|---|
| | Капија и нов пат до село Клисура<br>• Реконструкција и модернизација на уличното осветлување | • Мостот на река Бошавива е со ограничена носивост<br>• Не е завршена обиколница на Демир Капија<br>• Локалните водоводи се со слаб капацитет<br>• Водоводот и канализацијата во руралните средини е недоволно изграден<br>• Постојат диви депонии<br>• Недостаток на колектори<br>• Непостоење на систем за развој на обновливи извори на енергија<br>• Нема рециклирање на отпадот за производство на енергија<br>• Земјоделските површини се слабо поврзани со патишта<br>• Патиштата и улиците немаат доволна сигнализација<br>• Возниот парк во јавниот превоз е застарен<br>• Немање на соодветен електроенергетски систем (нема 110 КВ трафостаница и далекводи за пренос на произведената енергија)<br>• Немање на регулирани речни корита и порои |
| **ЕКОНОМИЈА – МСП, ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИИ** | • Препознатливи производи на винарии<br>• Активни деловни субјекти има во голем број<br>• Сообраќајната и транспортната инфраструктура е солидна<br>• Изработка на Водич за инвестиции | • Континуирана миграција на населението<br>• Работната сила не е усогласена со пазарните потреби<br>• Неорганизираност за настап на странски пазари<br>• Низок економски развој<br>• Институциите недоволно го поддржуваат приватниот сектор<br>• Сивата економија е голема |
| **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | • Развиено лозарство<br>• Поволна клима за развој на земјоделски, индустриски култури и винова лоза<br>• Обработливо земјоделско земјиште<br>• Земјоделието и сточарството имаат традиција<br>• Еколошки производи | • Земјоделските имоти не се евидентирани<br>• Задругарскиот систем е неразвиен<br>• Постоење на голем број мали парцели<br>• Системот за заштита од град е неразвиен<br>• Не постојат доволно наводнувачки мини акумулации<br>• Немање на соодветен систем за наводнување на земјоделски површини (цевководи)<br>• Не постои регионален откупен центар |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Недоволни преработувачки капацитети за земјоделски производи<br>• Недостаток на квалитетни стратешки документи и студии |
| **РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО** | • Постоење на Дом на Култура<br>• Постојат атрактивни туристички локации<br>• Голем број од атрактивностите и патеките се обележани<br>• Атрактивните ресурси се во близина на комуникациите<br>• Постоење на информативни пунктови, логистика, сервисни и туристичко-угостителски услуги<br>• Многу висока транзитност и близина на меѓународен автопат<br>• Комплекс тврдини во Демиркаписка клисура<br>• Добри потенцијали од активни манифестации<br>• Постоење на образовен центар за туристички обуки<br>• Музеј на виното<br>• Сместувачки и угостителски капацитети<br>• Голем број на винарии<br>• Угостителската понуда е разновидна<br>• Минималните материјални и технички услови се задоволени<br>• Богатство од природно, културно, археолошко и историско наследство<br>• Постоење на заштитени споменици на културата и предложени за заштита<br>• Постоење на хидроморфолошки атрактивности (реките Вардар и Бошевица)<br>• Топли вирови на Дошница<br>• Зони со богат биодиверзитет кои се заштитени или се предложени за заштита<br>• Алтернативните форми на туризам имаат солидна база за нивен развој | • Не се реализирани голем број на инфо точки<br>• Недоволна застапеност на транзитни тури<br>• Туристичките објекти и локалитети се лошо опремени и уредени<br>• Спомениците не се во целост инфраструктурно поврзани<br>• Културното наследство се користи малку при туристичките посети<br>• Засегнатите страни не се заинтересирани за инвестирање во културниот туризам<br>• Манифестациите и бизнисите се слабо поврзани<br>• Капацитетите за сместување се мали<br>• Нема домаќинства кои нудат сместување<br>• Не постои промоција на селективни видови на туризам<br>• Агро-туризмот не е интересен за земјоделците<br>• Неискористени локации за угостителство<br>• Рецептивните капацитети не се доволно понудени во туристичките агенции<br>• Недостигаат лиценцирани туристички водичи<br>• Туристичките производи не се дефинирани<br>• Не постои здравствен и фото туризам<br>• Ловниот туризам не е развиен<br>• Не постои бесплатен интернет во туристички локалитети<br>• Слабо управување со дестинациите<br>• Недоволно стручен кадар за туристички менаџмент<br>• Туристичката понуда ја нема на мобилни апликации<br>• Отежнат пристап до туристички објекти<br>• Не постојат тури со хетерогени содржини<br>• Предлозите на заштитени просторни целини се нереализирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Туристичките производи се неинвентивни<br>• Природните вредности се недоволно афирмирани<br>• Не постојат уредени платоа за презентирање на атрактивностите<br>• Бреговите не се уредени за развој на активности на вода |
| **ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ – ОТВОРЕНИ И ПРЕДПРИСТАПНИ ПРОГРАМИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ** | • Добра соработка со институции од централната власт<br>• Одлична соработка со интернационални институции и донатори<br>• Помош и поддршка за подготовка на проектни апликации за расположливите европски фондови (ИПАРД) и поддршка при изработка на документацијата во надлежност на општинската администрација | • Слаб капацитет за управување со претпристапни фондови од ЕУ<br>• Фондовите се распределени нерамномерно<br>• Недостаток на финансиски средства за учество во проекти |
| **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | • Основно училиште со нова спортска сала<br>• Заштитни служби и противпожарна заштита | • Нема стимулација на соработка<br>• Слаб процент на квалификувана работна сила<br>• Не постои центар за доквалификација и преквалификација<br>• Не постојат активни бизнис старт-ап центри за младите<br>• Нема средно (стручно) училиште<br>• Не постојат индустриски зони интересни за младите<br>• Не постојат активни проекти за задржување на младите во регионот<br>• Нема болница<br>• Недостиг и одлив на здравствен кадар<br>• Свеста во однос на социјално исклучените лица е ниска<br>• Не постои дом за стари лица<br>• Институциите се недоволно опремени<br>• Недостаток на регионални служби<br>• Координацијата меѓу централната и локалната власт во однос на грижа, одржување и користење на спортски објекти е несоодветна<br>• Слаб развој на е-услуги од општината<br>• Недостигаат културно-забавни содржини<br>• Свеста за развивање на социјално |

| | | |
|---|---|---|
| | | претприемништво е ниска |
| ***ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА*** | • Добра географска положба<br>• Општината има програма за ЕЕ<br>• Расположливи површини за фотоволтаици<br>• Изработени студии за рециклирање<br>• Природни богатства и биодиверзитет<br>• Климатски услови<br>• Водни богатства<br>• Со примена на мерките за ЕЕ е променето уличното осветлување во општината | • Населението и фирмите се недоволно едуцирани за заштитата на природата<br>• Постоење на диви депонии<br>• Цврстиот отпад не се депонира соодветно<br>• Нема систем за собирање и рециклирање на отпад<br>• Не постои регионална депонија<br>• Капацитетите за одведување и пречистување на отпадните води се недоволни<br>• Постоечката инфраструктура за одведување на атмосферските води е делумно функционална<br>• Не постојат доволно пречистителни станици<br>• Индустриските капацитети немаат доволно филтри за прочистување на воздухот<br>• Средината е загадена со фекалии и пестициди<br>• За греење се користат фосилни горива<br>• Не постои централен систем за греење<br>• Системот за прифаќање на незагадувачки грејни тела е неразвиен<br>• Капацитетот за управување со општината е недоволен |
| | **Можности** | **Закани** |
| **УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** | • Постигнување на високо ниво на урбанизација преку современи методи | • Законската регулатива за урбанистичко планирање се менува често<br>• Инвестициите се намалуваат<br>• Урбанизацијата е на ниско ниво<br>• Постоечки дивоградби |
| **ИНФРАСТРУКТУРА – ТРАНСПОРТНА, КОМУНАЛНА И ЕНЕРГЕТСКА** | • Можност за вклучување во системот на брзи пруги | • Недоволно финансии за одржување на локалните патишта<br>• Недостаток на средства за подобрување на инфраструктурата |
| **ЕКОНОМИЈА – МСП, ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИИ** | • Развој на претприемнички иницијативи и МСП<br>• Промоција на индустриски зони за привлекување инвестиции<br>• Во централниот буџет постојат програми за поддршка на бизниси | • Високостручниот кадар си заминува<br>• Странските партнери имаат намален обем на работа<br>• Инвестициите се намалуваат заради Ковид кризата<br>• Административните процедури се |

| | | |
|---|---|---|
| | • Формирање на бизнис стартапи и инкубатори<br>• Воведување на кружна економија<br>• Расположливи фондови за развој на економијата и комуналната инфраструктура | спорни и обемни |
| **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | • Големи потенцијали за еколошки здрава и органска храна<br>• Побарувачката на храна постојано се зголемува а со тоа и цените | • Климатските промени влијаат негативно<br>• Субвенциите се исплаќаат со задоцнување<br>• Откупните цени се ниски |
